**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/1
03.10 2024 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**БР. 1-2024/2025**

**Скопје, 03.10.2024**

# С О Д Р Ж И Н А

Правилник за измени и дополнувања на правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии напрвиот приватен универзитет – фон……………………………………………………..……………………1

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни звања во областа на маркетинг 5.02.00.05 и друго (деловно планирање) 5.02.00.09……………………………………………………………………..…………………3

Реферат за избор на наставник за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа 5.02.00.09 Друго (Спортски менаџмент)…………………………...……..........10

Реферат за избор на еден виш лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје .....………………….............17

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни звања во областа научните области Финансии 5.02.00.07 и Друго (применета економија) 5.02.00.09....……………………………………..……………….……………………20

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од подрачјето на инженерство и технологија, полето на електротехника, електроника и информациско инженерство и областите на Компјутерски технологии и инженерство, Системско инженерство, автоматика и роботика и Друго (Вештачка интелигенција) на Факултетот за информатика во состав на Американскиот Универзитет на Европа-ФОН.........................................................................................26

Согласно член 94, точка 22 од Законот за високото образование и член 62, точка 23 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Универзитетскиот сенат, на седницата одржана на 05.09.2024 го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НАПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН

**Член 1**

Во насловот на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет - ФОН, зборовите: „Прв приватен“ се менуваат со зборовите: „Американски“, а по зборот: „универзитет“ се додаваат зборовите: „на Европа“.

**Член 2**

Во член 30, ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Со започнувањето на секој семестар, студентот е должен да го запише семестарот“.

„Со започнувањето на секоја академска година и запишувањето на соодветниот зимски семестар, се смета дека студентот напредувал во следната, повисока година на студии“.

**Член 3**

Членот 31 се менува и гласи:

„При преминување на друга студиска програма или при преминување од друга високо-образовна установа од земјата или странство (трансфер), студентот се запишува во следниот семестар од семестарот кој последен пат го запишал на претходната студиска програма, односно на претходната високо-образовна установа, без оглед на признатите испити.

Студентите кои преминале од друга студиска програма или преминале од друга високо-образовна установа, напредуваат во студиите согласно член 30, ставови 3 и 4 од овој Правилник“.

**Член 4**

Членовите 32, 33, 34, 35 и 36 се бришат.

**Член 5**

Во член 37, став 1 бројот „9,00“, се менува со бројот „9,50“.

**Член 6**

Во член 38, ставот 1 се менува и гласи:

„Студент со статус на исклучително успешен студент има право при запишување на семестар, да го запише два семестри одеднаш“.

Во член 38, ставот 2 се брише.

Во член 38, став 4, кој станува став 3, зборот: „Советот“, се менува со зборот: „деканот“.

Во член 38, став 5, кој станува став 4, зборот: „Советот“, се менува со зборот: „деканот“, зборовите „Сенатот на Универзитетот“ се менуваат со зборовите: „советот на соодветната единица“, а вториот збор „Сенатот“, се менува со зборот: „советот“.

**Член 7**

Членот 39 се брише.

**Член 8**

Во член 40, ставовите 4 и 5 се бришат.

**Член 9**

Во член 55-г, став 4, во продолжение на зборот: „Претседател“ се додаваат буквите: „от“, а зборивите: „ е предметниот наставник, кој“ се бришат.

По ставот 3 се додава нов став 4 и гласи:

„ Предметниот наставник е член на комисијата.“

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 10**

Во целиот текст на Правилникот, зборовите: „Универзитет“ и „ФОН Универзитет“, се менуваат со кратенката: „АУЕ - ФОН“.

**Член 11**

Овој Правилник ќе стапи на сила три дена по објавувањето во Билтенот на АУЕ - ФОН, а ќе се применува со почетокот на зимскиот семестар во академската 2024/2025 година.

**Скопје, 05.09.2024**

**Универзитетски сенат,**
**П р е т с е д а т е л**

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ И ДЕЛОВНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот Нова Македонија од 05.09.2024 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа на маркетинг 5.02.00.05 и друго (деловно планирање) 5.02.00.09, Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН на седницата одржана на 16.09.2024 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- Д-р Мирко Трипуноски, професор емеритус - претседател,
- Д-р Лазар Арсовски, вонреден професор - член,
- Д-р Ирена Ашталкоска, редовен професор - член.

По прегледот на доставената документација, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Американски универзитет на Европа- ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Американскиот универзитет на Европа - ФОН во дневниот весник Нова Македонија печат од 05.09.2024 година, за избор на наставник од областа на маркетинг 5.02.00.05 и друго (деловно планирање) 5.02.00.09 се пријави еден кандидат и тоа: доцент д-р Марина Кантарџиева.

Пријавата на кандидатот Марина Кантарџиева ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

- **Библиографски податоци**

Кандидатот д-р Марина Кантарџиева е родена на 18.11.1983 год. во Охрид, Република Македонија. Средното образование го завршува во гимназијата “Св. Климент Охридски” во родниот град, насока- општествени науки.

Дипломира на Универзитетот Шефилд, во Солун - City Liberal Studies, Thessaloniki- Affiliated Institution of University of Sheffield, во 2005 година, како редовен студент на одделот за бизнис администрација, на насоката маркетинг со што се стекнува со звање **дипломиран економист од областа на маркетингот**.

Во учебната 2005 год. се запишува на постдипломските студии на Универзитетот New York, каде дел од испитите ги завршува во Скопје, а дел во Прага. Во јуни 2007 година ги завршува испитите на постдипломските студии, остварувајќи просечен успех на студирање 4,96 (B+). По положување на предвидените испити магистрира на темата „Критични фактори кои влијаат врз имплементирањето на програмите за континуирано подобрување на квалитетот (како дел од TQM) во индустријта за производство на вода во Република Македонија“ и се стекнува со научен степен **магистер за бизнис администрација од областа на маркетинг**.
Во Октомври 2008 година ја пријавува својата докторска дисертација на Економскиот институт при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема: **"**Примена на TQM како поттикнувачки фактор за подобрување на стратегискиот менаџмент и развојот на деловните субјекти**".**

На 16.04.2013 година Кантарџиева успешно ја одбранува докторската дисертација со што се здобива со научен степен **доктор по економски науки**.

Активно ги владее компјутерските вештини, а од странските јазици англискиот и италијанскиот јазик.

- **Професионална кариера**

- **Октомври 2005 -Октомври 2008** - Помлад асистент на Факултетот за економски науки, Прв приватен Европски Универзитет. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Октомври 2008- Март 2013** – Асистент на Прв приватен Универзитет ФОН. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Септември 2013- Септември 2014**- Доцент на Kingdom University, Kingdom of Bahrain. Покрива група предмети од областа на маркетингот.
- **Септември 2013- Септември 2014** – Раководител на катедрата на менаџмент на Kingdom University, Kingdom of Bahrain. Обврски: планирање и организирање на курикулумот, вклученост во процесот на донесување одлуки, мониторирање на наставниот процес, поттикнување на академските истражувања и активно учество на настани од областа на менаџментот, имплементација на оперативниот план на Факултетот.
- **Декември 2017- Септември 2017** - Доцент на Arab Open University, Kingdom of Bahrain. Покрива група предмети од областа на маркетингот и менаџментот.
- **Септември 2017** – **Мај 2019** – Маркетинг директор на Torque Construction, Kingdom of Bahrain. Обврски: креирање на маркетинг стратегија, промоција, планирање и учество на саеми, продажба.
- **Септември 2019 – Септември 2020** - Заменик директор**,** Американски универзитет на Европа-ФОН**.**
- **Декември 2019**- Доцент на Факултетот за економски науки, Американски универзитет на Европа-ФОН**.** Покрива група предмети од областа на маркетингот.

Како асистент Марина Кантарџиева во периодот од 2008 до 2013 година држи настава на следните факултети на Универзитет ФОН:

- Факултет за економски науки, и
- Факултет за странски јазици.

Како асистент Марина Кантарџиева во периодот од 2008 до 2013 година ги предавала предметите:

- Основи на маркетинг,
- Меѓународен маркетинг,
- Промоција
- Менаџмент информациони системи,
- Стратегиски менаџмент.

Како доцент на Kingdom University, на додипломски студии во периодот од 2013 до 2014 година ги предавала предметите:

- Основи на маркетинг,
- Меѓународен маркетинг,
- Промоција,
- Бизнис етика,
- Маркетинг комуникации,
- Маркетинг на услужни дејности.

Како доцент на Arab Open University, на додипломски студии во 2017 година ги предавала предметите:

- Системско размислување А,
- Системско размислување Б.

Како доцент на Американски универзитет на Европа, на додипломски студии од 2019 до 2024 година ги предавала предметите:

- Основи на маркетинг,
- Управување со производ,
- Меѓународен маркетинг,
- Промоција,
- Професионален и кариерен развој,
- Дигитален маркетинг,
- Маркетинг на услуги
- Матркетинг менаџмент.

На специјалистички студии во периодот од 2019 до 2024 година ги предавала предметите:

- Дигитален маркетинг
- Стратегиски маркетинг,

На последипломски студии во периодот од 2019 до 2024 година го предавала предметот:

- Комуникации и односи со јавноста.

Била ментор во изработка на повеќе дипломски, специјалистички и магистерски трудови, претседател и член на комисии за оцена и одбрана на истите.

**Кантарџиева се јавува како автор и/или коавтор на повеќе научни и стручни трудови, меѓу кои:**

**Позначајни трудови од изборот за доцент:**

“Employees performance appraisal as a factor for raising enterprises competitiveness”. Challenges of tourism and business logistics in the 21st century. 6th international scientific conference, Shtip, 2023.

“Implementing innovation as one of the key success factors in the private schools”. *Visione*, 39, pg.371- 379, 2022. Available from: http://visionsmagazine.org/visions-journal-issue-no-39/.

“Barriers that affect the social entrepreneurship”. *Visione*, 39, pg.393-401, 2022. Available from: http://visionsmagazine.org/visions-journal-issue-no-39/.

”TQM and marketing: two-prong contribution towards customer satisfaction”. *Knowledge - International Journal*, *51*(1), 133–137, 2022. Retrieved from: https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/5049.

“Triple bottom line: history, definition & obstacles to implementation”. *KNOWLEDGE - International Journal*, *51*(1), 179–183, 2022. Retrieved from: https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/5054.

“Linking a reward system with employees performance - a factor in increasing the competitiveness of organizations” paper published in *Visions*, Vol. Issue 38, pg.293, 2022. Available from: http://visionsmagazine.org/visions-journal-issue-no-38/ .

“Effective team leadership as a key factor for increasing the organizational performance in the republic of north Macedonia.” International May Conference on Strategic Management. Vol. XVII, Issue (2). pg.85-92, 2021. Available from: http://media.sjm06.com/2021/10/Proceedings_IMCSM21_Issue-2.pd.

“The role and importance of the relationship marketing as a factor for success in business entities” paper published in Visions, Vol.36, pg.307-316, 2020. Available from: http://visionsmagazine.org/visions-magazine-issue-no-36/ .

“Process of employees training and its impact on organizational performance”. *KNOWLEDGE - International Journal*, *40* (1), 195–200, 2020. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/945.

“Organizational change and development”, paper published in Visions, Vol.34, pg.257-267, 2020. Available from: http://visionsmagazine.org/visions-magazine-issue-no-34/.

“Efficent and effective corporate governance system a prerequisite for business sucess”, paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.35 (5), pg.1673-1681, 2019. Available from: www.ikm.mk.

**Позначајни трудови до избор за Доцент:**

“Social entrepreneurship from a quality management perspective in the process of social value creation”, paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.23 (1), pg.255-261, 2018. Available from: www.ikm.mk.

“Marketing practices of small and medium sized enterprises (SMEs)”, paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.15 (2), pg.626-629, 2016. Available from: www.ikm.mk.

“ The impact of organizational culture on strategy and total quality management practices”, paper published in the Knowledge: International Journal. Vol.12 (1), pg.53-55, 2016. Available from: www.ikm.mk.

“The relationship between market orientation and organizational performance”, paper published in the Knowledge: International Journal. Vol 10 (1). pg. 241-246, 2015. Available from: www.ikm.mk.

“The relationship between total quality management and strategic management”, pg.537-541. paper published in the Journal of Economics, Business and Management JOEBM, Vol.3, No. 5, ISSN: 2301-3567, Singapore,2015. Available from: www.joebm.com.

“The applicability of Six Sigma (6∑) in small and medium sized enterprises”, paper published in the Knowledge: International Journal Vol.7. pg.89-94, 2014. Available from: www.ikm.m

“Integrating marketing and quality management”, paper published in the Journal of Knowledge Vol.1, (2). pg.198-202, 2014. Available from: www.ikm.mk.

“Entrepreneurial culture and quality practice in small and medium sized enterprises (SME) in R. Macedonia” p.412-419. 3rd REDETE Conference Banja Luka, RS-BIH, April 11-12, 2014.

“Social problems, the labor market and poverty, ways of implementing measures for and solutions to the problems in the Republic of Macedonia”, pg. 452-458. 2nd International conference on economic development and standard of living (EDASOL 2012), Banja Luka, October 12-13, 2012.

“Criteria in the Creation of Waste Management Concept”. Vol.3 (1) *Regional and Business Studies Journal*. 2nd climate change, economic development, environment and people conference. Prešov, Slovak Republic, 12th – 13th September 2012: http://www.unipo.sk/ccedep, Alliance of Central- Eastern European Universities.

“Corporate leadership, and the dynamic functions of marketing management”, paper published in the Journal of Kaposvár University, Faculty of Economic Science, 3rd

International Conference of Economic Sciences Kaposvár University, – Hungary, 2011.

“Globalization of the IT industry: the search for the competitiveness drives the corporate offshore outsourcing in the IT industry”, paper published in the e-Journal: International Journal of Business and Management Studies, selected papers from the annual International Conference on Business and Management - Izmir, Turkey, 2011.

“Assessment of the Service Quality in Macedonian’s banking sector,” Centre for Economic Analyses, Journal of Economics, vol. 6 (2), pg. 33-46. - Skopje, 2009;

“The relationship between the quality of service, customer satisfaction and their loyalty in the Macedonian catering industry”, paper published in Global, academic journal of the Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs, vol.3, pg.17-28. Skopje, 2009.

**Автор и/или коавтор на книги:**

- **Адвертајзинг и Промоција, Интегрирани маркетинг комуникации; Односи со јавност**, Американски универзитет на Европа- ФОН, 2023.
- **Маркетинг менаџмент во стопанството и јавниот сектор**, Американски универзитет на Европа- ФОН, 2022.
- **Менаџмент и менаџери,** Факултет за економски науки, Европски Универзитет, Скопје, 2008.

**- Учество во конференции, професионални академски активности и стручни проекти од национален и меѓународен карактер, меѓу кои:**

01.09.2022 - 31.06.2023 **The Fundamentals of Media Literacy Project**- American University of Europe- FON, USAID, IREX, Skopje, R. North Macedonia

2014 -WIFFMC-The World Islamic funds conference and the world Islamic financial markets, Kingdom of Bahrain.

2014 - Participation and presentation certificate for 3rd International conference on economics business and marketing management –CEBMM, Hong Kong. Paper title: *The relationship between total quality management and strategic management.*

2013 - The world Islamic banking conference, Kingdom of Bahrain.

2013 - 2nd Annual Middle East Takaful Forum “Adapting to change: Fresh thinking to boost the efficiency & scale of Islamic cooperative insurance players”, Kingdom of Bahrain.

2012-2013 - “Factory of knowledge” project of FON University for raising the capacity of students to solve specific problems in the business sector, FON University, Skopje

**- Доцент д-р Марина Кантарџиева е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Марина Кантарџиева со својот научен и стручен придонес во континуитет придонесува за развојот и афирмацијата на науката во областа на маркетингот и деловното планирање.

Д-р Марина Кантарџиева е исклучително плоден научен работник кој постигнал, досега, завидни резултати во својата работа. Од увидот во нејзината досегашна работна биографија, можевме да се увериме дека таа располага со богата стручна, научна и педагошка работа од областа за која се пријавува за што сведочи и нејзиното работно искуство на два универзитети во Република Македонија и два универзитети во Бахреин.

Комисијата цени дека кандидатот доц. д-р Марина Кантарџиева ги исполнува пропишаните законски норми за избор во наставно-научно звање, бидејќи таа го поседува потребното стручно и научно искуство што е неопходно за обавување на наставно-научната дејност од областа на маркетингот и деловното планирање согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно Научниот совет на Факутетот за економски науки на Американски универзитет на Европа- ФОН, да го избере кандидатот д-р Марина Кантарџиева за наставник во областа на маркетингот и деловното планирање во звањето – **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**.

**Скопје,**

**20.09.2024**

**Рецензентска комисија:**

______________________________

**Проф. д-р Мирко Трипуноски - претседател,**

______________________________

**Проф. д-р Лазар Арсовски - член,**

______________________________

**Проф. д-р Ирена Ашталкоска - член.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на 5.02.00.09 - Друго (Спортски менаџмент) на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, Скопје**

Наставно - научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, Скопје на седницата одржана на 16.09.2024 год., во врска со конкурсот објавен во дневниот весник "Нова Македонија" од 05.09.2024 год. и Исправка на конкурсот објавен на 07.09.2024 год., формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа 5.02.00.09 Друго (Спортски менаџмент) во состав: Проф. д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, претседател, Проф. д-р Леонид Наков, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, член, Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, редовен професор на ФФОСЗ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, член. Рецензентската комисија по прегледување на доставената документација го донесе следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор за наставник во сите наставно-научни звања од научната област 5.02.00.09 Друго (Спортски менаџмент) се пријави само кандидатката:

1. Проф.д-р Весна Јованова-Симева.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ НА КАНДИДАТОТ

Д-р Весна Јованова-Симева е родена на 28.11.1975 год. во Кавадарци.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Весна Јованова-Симева е доктор на економски науки, избрана во звање вонреден професор на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН.

Во 1999-та година дипломирала на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, со просек од 8.17.

Во 1999 год. се запишала на последипломски студии на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Скопје. Испитите ги положила со просек од 8.17. Магистерската работа успешно ја одбранила во февруари 2006 год. на тема "Влијанието на некои ситуациони кошаркарски варијабли врз крајниот резултат кај екипите што се натпреваруваат во НБА-лигата" со што се здобила со звањето Магистер по Кинезиологија.

Докторска дисертација пријавила во 2009-та година на тема: "Влијанието на менаџментот врз успехот на спортските клубови и федерации" на Економски факултет при Универзитет "Св.Кирил и Методиј" – Скопје. Во 2013-та година со успех ја одбрани

докторската дисертација пред комисија во состав: Проф. д-р Љубомир Дракулевски – ментор; проф.д-р Бобек Шуклев – претседател, проф.д-р Бојаџиоски Благоја – член, Проф.д-р Леонид Наков – член и проф.д-р Ленче Алексовска Величковска – член, со што се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

## РАБОТНО - ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО
## *(НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ)*

2019 – Со одлука бр. 21-1211/3 на 22.10.2019 - та година на наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент во состав на Американскиот Универзитет во Европа – ФОН избрана е за вонреден професор од обласа на Друго (Спортски менаџмент) – 50624.

2014 – Со одлука бр. 21 - 774/3 на 10.11.2014 год. на наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент во состав на Американскиот Универзитет во Европа – ФОН избрана е за Доцент од обласа Друго (Спортски менаџмент) - 50624.

2010 – Со одлука бр. 21-2682/4 на 02.11.2010 год. на наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет во Европа – ФОН избрана е за Асистент од обласа на спортот и спортскиот менаџмент.

2007 – Матичната комисија за основање на Факултет за спорт и спортски менаџмент во состав на ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН на седницата одржана на 13.07.2007 година ја избра за соработник во звање асистент по предметот Ракомет.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за економски науки, насока спортски менаџмент и насока бизнис менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, кандидатката д-р Весна Јованова - Симева изведува настава на прв циклус на студии по предметите:

- Вовед во спортски менаџмент,
- Менаџмент на спортски организации,
- Менаџмент на спортски објекти,
- Лидерство во спортот,
- Пракса во спортскиот менаџмент,

На настава на втор циклус на студии изведува настава по предметите:

- Истражувања во обласа на спортскиот менаџмент,
- Меѓународни спортски организации и асоцијации,
- Менаџмент во професионалниот спорт.

Ментор на магистерски работи и специјалистички трудови, член на комисија на магистерски, специјалистички и дипломски работи, ментор на дипломски работи.
Во досегашната академска работа, кандидатката д-р Весна Јованова - Симева при изведувањето на наставата се служи со интерактивна работа со студентите применувајќи ги современите наставни методи. Посветено и со ентузијазам пристапува со студентите преку

изразени елементи на индивидуален пристап и работа поттикнувајќи ги кон аналитичко и критичко размислување. Наставата по предметите, покрај на теоретската основа, ја реализира со практично приближување на материјата до студентите преку анализа на конкретни студии на случаи и апликативна примена на наставната материја. Поради ова, континуирано добива позитивни оценки во процесот на самоевалуација на Универзитетот.

ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО СТРУКАТА

- ✓ 2016 - има акредитација на ментор на студенти на втор циклус на студии, ментор на студенти кои изработуваат магистерски трудови на втор циклус на студии;
- ✓ Член на Комисијата за признавање на испити;
- ✓ Член на комисијата за изработка на елаборатите за студиски програми за прв и втор циклус на насоката спортски менаџмент при Факултетот за економски науки (2026/27) при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, член на комисијата за изработка на елаборатите за студиски програми за прв и втор циклус на Факултетот за спортски менаџмент (2022/23), член на комисијата за изработка на елаборатите за студиски програми за прв и втор циклус на Факултетот за спортски менаџмент (2017/18), член на комисијата за изработка на елаборатите за студиски програми за прв и втор циклус на Факултетот за спортски менаџмент (2009/10), член на комисијата за изработка на елаборатите за студиски програми за прв и втор циклус на Факултетот за спортски менаџмент (2009/10), учествувала во изработката на елаборатот за отварање на Факултетот за спорт и спортски менаџмент во 2007/08 год. прв и втор циклус студии при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН;
- ✓ Член на комисијата за упис на студенти на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН;
- ✓ Член на Комисијата за признавање на испити;
- ✓ Член на комисијата за самоевалуација на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН.
- ✓ Член на Универзитетската спортска федерација на Македонија.
- ✓ Во април 2011 год. активно учествувала на Семинарот за спортски менаџмент и спортска администрација во организација на Македонскиот Олимписки Комитет и Олимписка Солидарност на Меѓународниот Олимписки Комитет, каде што предавач бил еминентниот експерт за спортски менаџмент Проф.д-р Тјери Зинк од Белгија.

**НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

***УЧЕБНИК***

1. Весна Јованова-Симева, Менаџмент во спортот, прво издание, Скопје, Мај, 2024, учебник : ISBN 978-608-67229-0-6.

*НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОД 2019-2024 ГОДИНА*

1. Jovanova-Simeva, V. (2022). CORRELATION OF THE SUCCESSFUL MANAGEMENT IN MACEDONIAN SPORTS CLUBS AND THE EDUCATION OF THE TOP SPORTS MANAGERS. Vizione No. 39. (381-391). https://drive.google.com/file/d/1MbwH2UI9Kg1Wmx4XO-CrGenGdErw1BGN/view

2. Jovanova-Simeva, V. (2023). The role of operational managers on the motivation of athletes. Sporticopedia – SPORTICOPEDIA - SMB2023, International conference, Belgrade. (179-188). https://smbconference.edu.rs/sporticopedia/index.php/smb/article/view/14

3. Jovanova-Simeva, V. (2023). Macedonian sport organizations and their promotion through the prism of digital networks. KNOWLEDGE – International Journal Vol. 61.1 (213-218). https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/issue/view/191 co-author

4. Jovanova-Simeva, V. (2023). ATTITUDES OF TOP MANAGERS ON THE NEED FOR A PROFESSIONAL-SCIENTIFIC TEAM IN MACEDONIAN SPORTS CLUBS. Vizione No. 41 (259-266). https://www.visionsjournal.com/visions-journal-issue-no-41/

5. Jovanova-Simeva, V. (2023). THE REPRESENTATION OF WOMEN IN TOP MANAGEMENT POSITIONS IN THE SPORT INDUSTRY. "GLOBAL CHALLENGES THROUGH THE PRISM OF RURAL DEVELOPMENT IN THE SECTOR OF AGRICULTURE AND TOURISM" From the First International Scienific Conference GIRR 2023 (290-297). file:///C:/Users/user/Desktop/Trudovi/Vesna&Mina%20(290-297)The-Book-Of-Proceedings-1.pdf

6. Jovanova-Simeva, V. (2023). LEARNING AND KNOWLEDGE SHOULD BE THE FUTURE OF THE COMPANIES. (33-42). https://konferencii.msu.edu.mk/wp-content/uploads/000-Ekonomija-2023_book.pdf co-author

7. Jovanova-Simeva, V. (2023). FACTOR STRUCTURE OF TOP MANAGERS IN MACEDONIAN SPORTS CLUBS. (139-143). https://konferencii.msu.edu.mk/wp-content/uploads/000-Ekonomija-2023_book.pdf

8. Jovanova-Simeva, V. (2023). THE LEADER-TEACHER, MOTIVATOR AND CREATOR OF THE PHYSICAL AND HEALTH EDUCATION CLASS. Activities in Physical Education and Sport, 2023, Vol. 13, No. 2. https://fsprm.mk/apes2023-vol-13-no-2/

9. Jovanova-Simeva, V. (2024). INNOVATIONS, LEARNING AND KNOWLEDGE – CHALLENGES OF SPORTS FEDERATIONS AND SPORTS CLUBS. Sport i zdravlje. (28-32). https://mega.nz/file/tMtxzTQC#Yf_Ff8ZiAL9Xj6A7397hixbITZuy8JSEESN-G4Fs8Ck

**НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОД 2007-2019 ГОДИНА**

10. "Спортскиот менаџер со лидерски способности". "VIZIONE" 33/2019, 15.06.2019, Skopje. pp. (419-428).

11. "Struktura sportskog menadźmenta u makedonskim sportskim klubovima". 9 MEĐUNARODNA KONFERENCIJA "SPORTSKE NAUKE I ZDRAVLJE". (15.03.2019, Banja Luka.)

12. "The control as a sport management function and its use by the operational managers in sport clubs". “VIZIONE” 32/2019, Skopje, pp. 285-302.

13. "The use of planning in sports organizations as a sports management function". (International magazine for social sciences “VIZIONE” 31/2018, Skopje, pp. 207-220.

14. "The impact of education of tennis coaches on the success of tennis specific motor skills on tennis players up to the age of 12" (SPORT, HEALTH, ENVIRONMENT, Belgrade, 2018 str.93-98).

15. “The right and the responsibilities of the athletes and the coaches in the legal system of the Republic of Macedonia”. (International magazine for social sciences “VIZIONE” 27/2017, Skopje, pp.213-227).

16. "Determining the factor structure of the basketball club organizational setting subjective evaluation scale". (FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT, AND HEALTH, , Ohrid, 30-31 May 2014, pp. 463-468).

17. "The relationship between the level of education and the professional-scientific advancement of the operational managers in the successful management of the sports clubs". (FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT, AND HEALTH, Ohrid, 30-31 May 2014, pp. 353-358).

18. "Поврзаност на образованието на врвните менаџери со успешното менаџирање на спортските клубови". (12.Меѓународна научно стручна конференција, Федерација на спортските педагози на Република Македонија, Велес, април, 2014 год.).

19. "The role of the manager in the sport activities" (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, “Sport Mont”, No.18,19,20./VI, 2009, Podgorica, pp. 128-131).

20. "Менаџмент на човечките ресурси во спортот". (Физичка култура, бр.2, 2008 год., стр. 155-157.)

21. "Relacije između nekih testova za procenu fleksibilnosti i rezultata kod plivača različitog kvaliteta na 50 i 100 metara delfin " (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, "Sport Mont", бр.15,16,17, 2008, Podgorica, str.778-783).

22. "Некои ситуационо психомоторни способности со потенцијално и актуелно значење за успех во фудбалската игра " (Физичка култура, бр.1, 2007, стр. 149-150).

23. "Struktura tehničko-taktičkih dejstvija košarkaških ekipa NBA - lige " - (CRNOGORSKA SPORTSKA AKADEMIJA, "Sport Mont", бр.12, 13, 14, 2007, Podgorica, str. 285-291).

24. Јованова-Симева, В. "Настава во природа " - (Физичка култура, бр.1, 2007, стр. 220-222).

25. "Методска постапка на удар на гол со нога" (Физичка култура, бр.2, година 34, 2006, стр. 165-169).

26. "Влијание на рангот на натпреварувањето врз уфрлувањето на топка во кош зависно од аголот и растојанието" (Физичка култура, бр.2, година 34, 2006, стр. 219-222).

27. "Утврдување на структурата на кошаркарската игра кај најдобрите екипи од Евролигата, NBA-лигата и СП Јапонија 2006 " (Физичка култура, бр.2, година 34, 2006, стр. 123-126).

28. "Влијание на некои антропометриски карактеристики врз некои моторни тестови за експлозивна снага кај ученички на возраст од 9 години " - (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год., стр. 222-226).

29. "Техничко-тактички напади со преминување од една во друга зона" (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 95-99).

30. "Компарација помеѓу екипите учеснички на play-off натпреварите во NBA - лигата и екипите учеснички на finall-four натпреварите од Евролигата" (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 263-266).

31. "Уфрлување на топка во кош зависно од аголот и растојанието" (Стручно-научен собир, Програмско-организациска, стручна и научна димензија на училишниот спорт, Пелистер, 21-23.06.2006 год. стр. 258-262).

32. "Влијанието на некои кошаркарски варијабли врз уфрлувањето на топка во кош од мало, средно и големо растојание кај екипите од NBA - лигата" (ВТОР КОНГРЕС ЗА

СПОРТ И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, Охрид, Физичка култура, (2)215-218, октомври, 2005).

ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија од увидот во целокупната документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката и нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност констатира дека д-р Весна Јованова-Симева во целост ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор согласно Законот за високо образование и интерните акти на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН и тоа:

1. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно;
2. Има научен степен доктор на науки од соодветните области;
3. Има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтната научна публикација согласно Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. Претходно кандидатката била избрана во звање вонреден професор;
5. Има активно познавање на англиски јазик;
6. Има способност за изведување на високобразовна дејност стекнато преку долгогодишната академска работа на Универзитетот;
7. Кандидатката е автор на универзитетски учебник. Учествувала на меѓународни и домашни конференции, симпозиуми и семинари од областа на спортскиот менаџмент и спортот и постојано го надоградува своето знаење и истото успешно го пренесува на студентите во наставниот процес.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека д-р Весна Јованова - Симева во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со општите акти на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН за да биде избрана за наставник со звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН, кандидатката д-р Весна Јованова - Симева да ја избере за наставник во научната област 5.02.00.09 Друго (Спортски менаџмент), во звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Скопје, 23 септември, 2024

Рецезентска комисија:

________________________________________

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р. претседател

________________________________________

Проф. д-р Леонид Наков, с.р. член

________________________________________

Проф. д-р Ленче Алексовска - Величковска, с.р. член

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Република Македонија, на својата редовна седница одржана на 25.9.2024 година, донесе одлука за формирање рецензентска комисија во состав: проф.д-р Татјана Срцева-Павловска, проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова и виш лектор м-р Зоран Механџиски, за избор на еден виш лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје.

РЕЦЕНЗИЈА

На конкурсот објавен на 5.9.2024 година во дневниот весник „Нова Македонија" се има пријавено м-р Ана Арсовска (родена Јанкуловска), како единствен кандидат. По разгледувањето на пријавата и доставената документација комисијата го подготви следниот извештај за биографијата, наставната и научноистражувачката дејност и поширокиот општествен ангажман на кандидатката.

**Биографски податоци**

М-р Ана Арсовска, род. 1992 год., дипломирала Англиски јазик, наставна насока, со француски јазик под Б, на факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН со просечен успех 10.00. На постдипломските студии на насоката Применета лингвистика на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН се запишала по дипломирањето, во 2014 год. Предвидените испити ги положила со просек 10.00. Во 2016 год. ја одбранила магистерската теза под наслов „J.K. Rowling's Glossopoeia in the Harry Potter series" и се стекнала со научен степен Магистер по применета лингвистика. Следната година, 2017, се запишала на докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на студиската програма Наука за јазикот, каде што е сè уште докторанд. Со успех ги има положено предвидените испити, учествувала на две презентации на истражувачки трудови за контрастивна анализа на фазните и копулативните глаголи во англискиот и македонскиот јазик, кои биле позитивно оценети. Во моментот е во процес на изработка на докторска дисертација на тема „Англиските *get*-конструкции и нивните еквиваленти во македонскиот јазик".

Во 2016 г. Ана Арсовска е избрана за лектор по англиски јазик со познавање на француски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН, каде што изведува лекторски вежби по англиски и француски јазик, како и вежби по стручни предмети од областа на англиската лингвистика. Во 2020 м-р Арсовска е избрана како Виш лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот АУЕ ФОН.

**Професионално искуство**

Работното искуство кандидатката м-р Ана Арсовска го започнува и континуирано стекнува непосредно по дипломирањето. Во 2014 год. е ангажирана како практикант за група предмети од сферата на англискиот јазик, англиски како странски јазик и француски јазик на ФСЈ при Универзитетот ФОН. По изборот за лектор во 2016 и избор како виш лектор во 2020 година таа е целосно вклучена во наставата на ФСЈ, како за лекторски вежби така и за вежби по

предметите Фонетика и фонологија, Лексикологија, Синтакса и Контрастивна анализа на АЈ и МЈ.

Во својата педагошка активност се истакнува со особена посветеност, систематичност и методичност. Во лекторските вежби по предметите Фонетика и фонологија, Лексикологија, Синтакса и Контрастивна анализа на АЈ и МЈ, како и во наставата на нематичните факултети, м-р Арсовска се истакнува по својот инвентивен приод и разновидна методологија за доближување на овие исклучително комплексни, а фундаментални лингвистички дисциплини.

Кандидатката крајно професионално ги исполнува своите обврски во сите задолженија. Покрај тоа, таа е безрезервно вклучена во сите активности при ФСЈ, како подготовка на програми, распореди, тестирање на кандидати и други организациски работи. Таа е исто така вклучена и во активностите на ниво на Универзитетот ФОН, особено во проектот „Фабрика на знаење“ каде била еден од менторите на тимот за Музејот на Современата Уметност – Скопје во 2017, тимот за извршување на задача за Град Скопје во 2018, а во 2019 е поставена за координатор на тимот за ЕСМ.

Покрај ангажираноста во изведувањето на наставата, м-р Ана Јанкуловска покажува впечатлив степен на самоиницијативност и доследност и во своето континуирано вложување во професионалниот развој, кој по завршувањето на вториот циклус на студии се насочува кон теориски и практично-едукативни цели. Изборот на докторски студии од областа Наука за јазикот е потврда за нејзиното насочување кон лингвистичко-теориски истражувања. Во таа насока е и учеството на обуката за истражувачки методи (Quantitative and mixed methods in writing research) организирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје во мај 2018 и посетата на Летна лингвистичка школа во Кромериж, Република Чешка во август истата година, како и учеството со свој труд („Употреба на инфинитив или глаголска именка кај македонските изучувачи на англискиот јазик“) на Десеттиот научен собир на млади македонисти одржан во Скопје 2018 г.

Во рамките на педагошко-едукативниот развој се вклучува нејзиното учество на две професионални работилници со теми од методиката на изведување настава по странски јазик. Обуката „Стандардизација на оценувањето“ е одржана во декември 2016 г во организација на Британскиот совет во Скопје, а работилницата под наслов „Зајакнување на јазичните компетенции на идните наставници по странски јазик со имплементирање на ЗЕРРЈ (Заедничката европска референтна рамка за јазиците) е одржана во јануари 2020 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во септември 2023 учествува на 50. Меѓународна научна конференција на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. УКИМ – Охрид.

Публикациите наведени подолу, ги отсликуваат тенденциите во нејзиниот професионален развој и насоченоста кон односните области предмет на овој избор.

**Публикации:**
Јанкуловска, А., Тодоровска, А., Танева, Е. (2015). Одговори на комплименти во македонскиот јазик. *Литературен збор*, LXII 1-3, 61-76.

Арсовска, А. (2020). Употребата на инфинитив или глаголска именка како дополнение на фазните глаголи кај македонските изучувачи на англискиот јазик. *Визионе,* 35, 23-29.

Arsovska, A. (2020). J. K. Rowling's Glossopoeia in the Harry Potter Series – Lexical and Etymological Analysis. *Vizione,* 35, 39-51.

Mitkovska, L., Arsovska, A. (2023). Macedonian Translation Equivalents of the English *Get*-Passive. *Journal of Contemporary Philology*, 6 (2), 7-25.

Arsovska, A., Mitkovska, L. (2024). Middle Diathesis Marking in English: Evidence from Macedonian Translation Equivalents. *Palimpsest*, Vol. 9 No. 17., 15-25.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изложениот преглед може да се заклучи дека кандидатката м-р Ана Арсовска (Јанкуловска) целосно ги исполнува условите на конкурсот за избор на виш лектор по англиски јазик: завршена соодветна насока при студирањето, постдипломски студии на соодветна насока, постигнат висок просек при досегашните студии, наставно искуство, понатамошно стручно и теориско усовршување. Имајќи ја предвид нејзината досегашна успешна работа, односот кон студентите и целокупниот ангажман на Универзитетот ФОН, но и широчината на интереси и нивното успешно поврзување со примарната област на стручен и научен интерес, кандидатката **Ана Арсовска** несомнено заслужува да биде избрана. Со оглед на гореизнесеното со задоволство предлагаме да биде реизбрана во звање **виш лектор по англиски јазик** на Факултетот за странски јазици при АУЕ – ФОН универзитетот во Скопје.

Скопје,

27.9.2024

Рецензиона комисија

проф. д-р Татјана Срцева Павловска

__________________________

претседател

проф. д-р Љубица Кардалеска Радојкова

__________________________

член

виш лектор м-р Зоран Механџиски

__________________________

член

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ФИНАНСИИ (5.02.00.07) И ДРУГО (ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА) (5.02.00.09) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН

Наставно- научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН во Скопје на ден, 16.09.2024 година, формираше Рецензентска комисија за избор на наставник во научните области Финансии 5.02.00.07 и Друго (применета економија) 5.02.00.09, по објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија“ од 05.09.2024 година, во состав:
-Проф. д-р Саво Ашталкоски редовен професор, Факултет за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН- претседател,
-Проф. д-р Никола Поповски редовен професор, Факултет за економија и организација на претприемништво при Меѓународен Славјански Универзитет- член и
-Проф. д-р Радица Дишлиеска- Граматикова редовен професор, Факултет за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа-ФОН- член.

Рецензентската комисија по прегледување на доставената документација го донесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во научните области Финансии 5.02.00.07 и Друго (применета економија) 5.02.00.09, во предвидениот рок се пријави еден кандидат и тоа:

1. Д-р Белма Хаџикамбер, доктор по економски науки, од Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ НА КАНДИДАТОТ

Д-р Белма Хаџикамбер е родена на 12.12.1985 година во Скопје, Република Северна Македонија. Средното образование го завршува во гимназијата “Орце Николов” во Скопје.

Д-р Белма Хаџикамбер ги завршува додипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје со просек од 8,00. Во јуни 2009 година успешно го одбрани дипломскиот труд и се стекна со степенот и стручниот назив Дипломиран економист на департманот надворешна трговија.

Во учебната 2011 година се запишува на постдипломските студии на Економскиот факултет при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН. Студиите ги заврши со просек од 9,43. Во 2015-та година успешно го одбрани магистерскиот труд “Пазарот на труд на Република Македонија-состојби и перспективи” и се стекна со стручен назив Магистер на економски науки од областа на банкарски менаџмент.

Докторска дисертација пријавила во 2021-та година на тема: "Влијанието на бруто домашниот производ врз вработеноста во Република Северна Македонија" на Економскиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", Скопје. На 25.04.2024 година успешно ја одбрани докторската дисертација пред комисија во состав: проф. д-р Сашо Ќосев- ментор; проф. д-р Пеце Недановски- претседател; проф. д-р Весна Буцевска- член; проф. д-р Предраг Трпески- член и проф. д-р Никола Поповски- член.

Кандидатката одлично се служи со англискиот јазик. Своето познавање го докажува со сертификатите за општ и стручен бизнис англиски.

## ПРОФЕСИОНАЛНА КАРИЕРА

Кандидатката поседува работно искуство од јануари 2012 година до јуни 2014 година во Собранието на Република Северна Македонија како советник на пратеничка група.

Во текот на септември и октомври 2014 година е ангажирана како тренер за човекови и малцински права од ОБСЕ мисијата во Скопје.

Во текот на периодот од февруари 2016 - декември 2016 е ангажирана како демонстратор на Американскиот Универзитет на Европа- ФОН во рамките на Факултетот за економски науки.

Со одлука на ННС во декември 2016 година е избрана за соработник – асистент во полето на економските науки.

Исто така, со одлука на ННС во декември 2019 година е избрана за соработник – асистент во полето на економските науки.

Во рамките на академскиот ангажман, како демонстратор и како соработник Белма Хаџикамбер изведуваше вежби по следните предмети:

-економика на претпријатие
-деловно планирање
-банкарство
-меѓународна економија
-монетарна економија
-претприемништво
-финансиски менаџмент
-основи на менаџмент
-економика на инвестиции
-деловна економија
-основи на економија
-применета економија
-менаџмент на човечки ресурси

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО СТРУКАТА

-Член на комисијата за признавање на испити
-Член на комисијата за изработка на елаборатите за студиските програми за прв и втор циклус на студии во рамките на Факултетот за економски науки (2022/2023).

-Мобилност (Training Mobility) - Еразмус + (ЕУ програма за образование, тренинг, млади и спорт), Faculty of Economics, Arel University, Istanbul, 2022.

**НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОД ОД 2019-2024 година**

Во приложената документација кандидатката ги доставила и копиите од следните објавени трудови:

- Белма Хаџикамбер, Структурни карактеристики на невработеноста во Република Северна Македонија, Меѓународна научно-стручна конференција МЕФКОН 2021: "Иновациите како иницијатор на развојот", Зборник на трудови од меѓународна конференција, Факултет за применет менаџмент, економија и финансии, Белград, 2021 година, **ISBN 978-86-84531-55-3;**
- Белма Хаџикамбер, Рамномерен регионален развој во планските региони во Република Северна Македонија, осма меѓународна конференција, "Примена на нови технологии во менаџментот и економијата", Факултет за информациони технологии и инженерство, Универзитет "Унион- Никола Тесла", Белград, 2022 година, ISBN 978-86-81400-71-5.
- Белма Хаџикамбер (коавтор), Глобални предизвици за оданочување на корпоративниот профит- компаративен преглед, Меѓународна научно- стручна конференција МЕФКОН 2022: "Иновациите како иницијатор на развојот", Зборник на трудови од меѓународна конференција, Факултет за применет менаџмент, економија и финансии, Белград, 2022 година, ISBN 978-86-84531-59-1.
- Белма Хаџикамбер, Теоретски аспекти на бруто домашниот производ, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 43, јуни 2024 година, *ISSN: 1409-8962- printed form, ISSN 1857- 9221- electronic form.*
- Белма Хаџикамбер (коавтор), Социјални и политички принципи на оданочување, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 43, јуни 2024 година, *ISSN: 1409-8962- printed form, ISSN 1857- 9221- electronic form.*
- Белма Хаџикамбер, Анализа на структурните карактеристики на вработеноста во Република Северна Македонија, Меѓународно научно списание, CENTRUM, Центар за разбирање и институционална соработка, Број 21, јуни 2024 година, ISSN: 1857-8640 (PRINTED VERSION) ISSN: 1857-9396 (ONLINE VERSION).

**НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОД ОД 2016-2018 година**

-Белма Хаџикамбер, Пазар на труд на Република Македонија-состојби и перспективи, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 26, август 2016 година. (коавтор)

-Белма Хаџикамбер (коавтор), Даночно- правниот однос во македонскиот правен систем, Меѓународно списание за општествени науки "Визионе" Скопје, Број 26, август 2016 година.

-Белма Хаџикамбер (коавтор), The Rights of Shareholders in the Process of Large Makes, Меѓународно списание за општествени науки “Визионе” Скопје, Број 28, јули 2017 година.

## УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ

Кандидатката д-р Белма Хаџикамбер учествувала на повеќе конференции, обуки и семинари во земјата и надвор од неа. Меѓу позначајните што се наведени во нејзиното CV се следниве:

- Интернационална конференција: Балканот после 100 години од Првата Светска Војна, организирана од Клуб Alpbach Македонија во соработка со Институтот за политички и интернационални студии, 2014, Скопје.
- Младинска конференција за свесноста за демократските вредности во изборниот процес, 2014, Охрид.
- Регионална конференција: Безбедноста во 21-от век, организирана од Клуб Alpbach Албанија, 2015, Тирана.
- Интернационална конференција организирана од Европскиот форум Alpbach на тема InEquality, 2015, Alpbach, Австрија.
- Интернационална конференција организирана од Европскиот форум Alpbach на тема New Enlightenment, 2016, Alpbach, Австрија.
- Обука за базична комуникација, преговарачки вештини и работна етика, 2009, Скопје.
- Обуки за работни вештини организирани од МОФ, 2010, Скопје.
- Симулација на комисиски расправи Еколошки предизвик, 2011, Гевгелија.
- Обука за комуникации и вмрежување, 2012, Струга.
- Денови на младинско вмрежување, 2012, Дојран.
- Завршен циклус на Школата за јавни политики Мајка Тереза организирана од Совет на Европа и учество на вториот Светски форум за демократија од Совет на Европа одржан во Стразбург, 2013.
- Шеста политичка академија за социјална демократија, 2013.
- Обука за обучувачи за човекови и малцински права, 2014, Берово.
- Обука за оценка на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, 2014, Маврово.

## УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ

Кандидатката д-р Белма Хаџикамбер навела и дека има учество во следните проекти:

Активно учество во тридневен проект “Австриско- Македонски денови 2014”, Alpbach Macedonia.

Активно учество во тридневен проект "Австриско- Македонски денови 2015", Alpbach Macedonia.

Проектен асистент на проектот "Подобрување на капацитетите на малцинските заедници при конкурирање за јавни функции", 2015, Центар за управување со промени.

Активно учество во дводневен проект "Австриско- Македонски денови 2017", Alpbach Macedonia.

Активно учество во проектот "Фабрика на знаење", 2017, Американски Универзитет на Европа- ФОН.

Тренер на проектот "Компетентно кариерно советување во младинската работа", 2019, Крушевац, Република Србија.

Активно учество во проектот "Фабрика на знаење", 2019, Американски Универзитет на Европа- ФОН.

Технички координатор на проектот "Подготвителна настава за полагање на државна матура", 2022, Американски Универзитет на Европа- ФОН.

Активно учество во уписната политика на Американскиот Универзитет на Европа- ФОН за учебна година 2024/2025 година.

Д-р Белма Хаџикамбер е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.

**ВРЕДНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР**

Комисијата, врз основа на биографските податоци, образованието, професионалната кариера, оценка на научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, констатира дека кандидатката д-р Белма Хаџикамбер ги исполнува условите за избор на наставник во наставно-научното звање доцент според конкурсот распишан од Американскиот Универзитет на Европа- ФОН согласно Законот за високо образование.

Кандидатката д-р Белма Хаџикамбер има неколку годишно работно искуство стекнато преку работен однос во: високото образование како соработник – асистент, но и во државната администрација, невладиниот сектор, приватниот сектор и меѓународни организации. Искуството како асистент на Факултетот за економски науки при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН заедно со претходното различно работно искуство и овозможи да ги надополни своите теориски и практични знаења во неколку области од економијата (на македонски и англиски јазик) и да ги усоврши своите наставни вештини. Својата академска определба таа постојано ја надградува вложувајќи во себе како учесник на многубројни национални и интернационални конференции, обуки, семинари, проекти со што ги проширува своите знаења од домашната и меѓународната економија.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија од увидот во целокупната документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката и нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност констатира дека д-р Белма Хаџикамбер во целост ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во наставно-научното звање доцент согласно Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ ФОН и тоа:

1. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно;
2. Има научен степен доктор на науки од соодветните области;
3. Има објавено најмалку четири рецензирани научни труда во рефернтната научна публикација согласно Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. Претходно кандидатката била избрана во звање асистент;
5. Има активно познавање на англиски јазик;
6. Има способност за изведување на високобразовна дејност стекнато преку академска работа на Универзитетот;
7. Кандидатката учествувала во повеќе научно- истражувачки проекти, а преку учество на меѓународни и домашни конференции и семинари од овие области постојано го надоградува своето знаење и истото успешно го пренесува на студентите во наставниот процес.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија  смета дека д-р Белма Хаџикамбер во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со општите акти на АУЕ-ФОН за да биде избрана за наставник со звање ДОЦЕНТ од научното поле на економските науки во областа на Финансии 5.02.00.07 и Друго (применета економија) 5.02.00.09.

Скопје, септември 2024

Рецензентска комисија:

____________________________________

Проф. д-р Саво Ашталкоски-претседател

____________________________________

Проф. д-р Никола Поповски- член

____________________________________

Проф. д-р  Радица Дишлиеска-Граматикова-член

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ИНЖЕНЕРСТВО И ТЕХНОЛОГИЈА, ПОЛЕТО ЕЛЕКТРОТЕХНИКА, ЕЛЕКТРОНИКА И ИНФОРМАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И ОБЛАСТИТЕ КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО, СИСТЕМСКО ИНЃЕНЕРСТВО, АВТОМАТИКА И РОБОТИКА И ДРУГО (ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА)**

Со Одлука бр. 19-754/3 од 16.09.2024 година за формирање на рецензиона комисија за избор во насловно звање, донесена на 12-та седница во академската 2023/2024 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, определени сме за членови на рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од подрачјето на инженерство и технологија, полето на електротехника, електроника и информациско инженерство и областите на Компјутерски технологии и инженерство, Системско инженерство, автоматика и роботика и Друго (Вештачка интелигенција) на Факултетот за информатика во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија на 05.09.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

*д-р Сашо Николовски, Систем интегратор за комплексни ИТ проекти, вработен во Центар DELL, Макпетрол А.Д.*

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат, на Наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерска техника и информатика му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот Сашо Николовски е роден на 7 октомври 1970 година во Скопје.

Во 2008 година дипломирал на Институтот за Информатика при Природно-математичкиот факултет – Скопје на тема „Безбедност на компјутерски мрежи“.

Во 2009 година се запишал на втор циклус студии на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на студиската програма Менаџмент на информациски системи. Во 2013 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Управување и интеграција на сервиси во мултиплатформски информациски системи“, под менторство на проф. д-р Виолета Маневска.

Во 2015 година се запишал на трет циклус студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на студиската програма Информатика и компјутерска техника, а во 2023 година, под менторство на проф. д-р Пеце Митревски, го одбранил докторскиот труд со наслов „Анализа на надежноста и перформансите на клауд-базирани системи за оправување од катастрофи“.

За усовршување во областа на информатичките технологии, ги слушал специјалистичките курсеви на Microsoft и Cisco, преку кои во 2000 година се стекнал со меѓународен сертификат Microsoft Certified System Administrator – MCSA, а во 2008 година со сертификат Cisco Certified Network Associate – CCNA.

Во 2013 година успешно ја завршил обуката на VMware за виртуелизација на оперативни платформи и мрежни инфраструктури. Во периодот 2017 – 2022 се стекнал со

повеќе специјалистички сертификации за димензионирање, имплементација и конфигурирање на податочни складишни системи и системи за заштита на податоци, како решенија базирани на напредни технологии развиени од компанијата Dell Technologies. Следејќи ги современите клауд-технологии, во 2022 година се стекнал и со меѓународниот сертификат Microsoft Azure Administrator.

Во периодот 2005 – 2006 година, остварил студиски престој во Меѓународниот центар за теоретска физика во Трст, Италија, каде работел како лабораториски асистент за развој на нискобуџетни безжични мрежи.

Своето работно искуство го гради од 1994 година, кога се вработил во Македонската академија на науките и уметностите, како раководител на Секторот за техничка организација и администратор на компјутерската мрежа. Во периодот 2008 – 2017 работел како систем администратор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 2017 година до денес вработен е во Центар DELL, при Макпетрол А.Д. – Скопје, како систем интегратор за комплексни ИТ проекти.

Кариерата како систем администратор ја гради и како консултант за систем интеграција во повеќе проекти, каде има директно учество при проектирање и димензионирање на повеќе компаниски мрежни инфраструктури во Македонија, Косово и Србија.

Од 2004 година до денес е член на Советот за заштита на македонското звучно наследство на Институтот за истражување и архивирање на музиката при Факултетот за музичка култура во Скопје.

*Трудови објавени во референтни научни публикации во последните 5 години*

Во продолжение следи листа на трудови на д-р Сашо Николовски, објавени во референтни научни публикации, согласно одредбите од Законот за Високото Образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82 од 08.05.2018), во последните 5 години. Истите се наведени по хронолошки редослед, а за трудовите за коишто има дополнителни информации (импакт фактор, содржаност во специфични библиотеки како Web of Science, EBSCO, SCIMago итн.), истите се дополнително наведени.

1. **Analysis of Clinical, Genetic, and Demographic Data for Prediction of Alzheimer's Disease with Machine Learning**

**Апстракт:** In the context of the ageing of the global population and the increasing prevalence of Alzheimer's disease (AD), early and accurate diagnosis is crucial for effective management and treatment. Using Exploratory Data Analysis (EDA) we dissect the complex relationships between various risk factors and disease progression, establishing a basis for our predictive modelling. Uncovering critical insights, and emphasizing the importance of adopting a multidimensional approach to analyze diverse datasets effectively, our study highlights the critical role of data quality and diversity in improving model performance. The fundamental aspect of our analysis focuses on the predictive power of combining different data types, which traditionally include clinical parameters, genetic markers, and demographic and lifestyle data.
The research highlights the application of machine learning (ML) techniques for early detection and predictive analysis of Alzheimer's disease, demonstrating the enormous potential of artificial inelegance in transforming healthcare diagnostics. The study conducted a comparative analysis of various ML algorithms and evaluated their efficiency in disease detection.
This research contributes to the academic discourse on the diagnosis of Alzheimer's disease and provides practical insights for the application of artificial intelligence and machine learning in clinical practice.

**Клучни зборови:** Alzheimer's Disease, Machine Learning, Predictive Analysis, Exploratory Data Analysis.
Каталогизирано во библиотеката IEEE Xplore.

2. **Performance analysis of cloud service-based data protection systems**

**Апстракт:** This paper identifies a performance evaluation framework with a number of parameters, according to which a solution can be chosen for protection and maintenance of data and information systems in organizational structures. The benefits of the study refer primarily to determining the approach and the stages in the selection of an appropriate solution for protection and recovery of data and information systems, based on their criticality. The chosen concept can be adapted to the operational environment, according to the outlined timeframes set in the business continuity plan, as well as in the plan for recovery from an outage.
With the conducted analyzes and the conclusions drawn, direct contribution is made to the correct thinking for decision-making
when choosing concepts for performance of recovery systems after an outage or catastrophic interruption.

**Клучни зборови:** Disaster recovery, Business continuity, cloud service, data protection, data recovery.

Каталогизирано во библиотеката IEEE Xplore

3. **Evaluating GDPR and HIPAA in the Integration of ML/AI for future-proofing healthcare**

**Апстракт:** This paper provides a comparative review of the General Data Protection Regulation (GDPR) and the Health Insurance Portability and Accountability Act (HIPAA), as two key regulatory frameworks at a time of increased interest in the application of artificial intelligence (AI) in healthcare. The biggest barriers to the widespread application relate primarily to the non-standardized medical records that are in daily use, the limited availability of certain data sets, as well as the strict legal and ethical requirements for ensuring the privacy of patients.
For that reason, the focus of the research is aimed at a comparative analysis of the security measures and risks covered in the two mentioned regulations, and to which the health data are exposed in the processes of their processing. By assessing the protocols and standards for health data management recommended in both regulations, special emphasis is placed on the provision interoperability and portability of data, which is of utmost importance for the correct and complete integration of machine learning (ML) and AI.
By providing a summary of the conducted analyzes, this study makes a direct contribution to bridging the gap between AI and ML researches and their practical application in the area of healthcare.

**Клучни зборови:** GDPR, HIPAA, Artificial Intelegence, Machile Learning, protocols, regulatory frameworks, healthcare standards
Каталогизирано во библиотеката SCOPUS

4. **Multifactorial ML approach for early cardiovascular disease detection**

**Апстракт:** Our research is focused on the challenge of applying machine learning (ML) techniques in the diagnosis of cardiovascular diseases (CVD), for their early detection and accurate classification by healthcare professionals. To address the complexity of CVD as a multifactorial health disorder, this study presents an approach by analyzing different types of observational data, integrated as clinical, genetic, demographic, and lifestyle data. Determining the performances of several ML models in predicting the possible occurrence of the disease, during data processing in the research, was a challenge. Identification of the existence of patterns and correlations between them was a crucial task to obtain a clear idea of the level of their influence in the development of the disease.
The analytical part of the research has made a special reference to the comparative analysis of different ML algorithms, to evaluate their efficiency in disease prediction. From the point of view of the obtained results from the conducted analyses shown in the study, a common conclusion can be

derived from the inevitability of introducing ML-based diagnostics in clinical practice, and we expect the approach in the conducted research to make a direct contribution to the expansion of knowledge about the use of new approaches and techniques in modern diagnostics and treatment of these diseases.

**Клучни зборови:** cardiovascular disease, machine learning, algorithms, prediction, exploratory data analysis
Каталогизирано во IEEE Xplore

5. **Machine Learning Algorithms for Heart Disease Prognosis using IoMT Devices**

**Апстракт**: Artificial intelligence (AI) and Machine learning (ML) algorithms have improved the capabilities of Internet of Medical Things (IoMT) systems in the direction of better quality of life and efficient healthcare. The paper analyzes various IoMT technologies and the classification, architecture, and communication of IoMT. The paper presents the application of machine learning algorithms for the detection of anomalies crucial in the process of prognosis of heart diseases. Cardiovascular disease is the primary global cause of death, prompting increased interest in leveraging artificial intelligence to analyze data obtained from wearable devices. The methodology for predicting heart disease risk using IoMT data includes data collection, pre-processing, and application of machine learning algorithms. A comparative evaluation of five machine learning models: logistic regression, Support Vector Machine (SVM), Decision Tree, Random Forest, and k-nearest neighbors (KNN) was conducted. The purpose of this paper is to emphasize the role of ML in the field of cardiology and the critical importance of data quality, as well as the selection of an appropriate algorithm in order to improve cardiovascular risk assessment. The introduction of ML in the prognosis of heart disease is a significant step towards the realization of predictive, preventive, and personalized health care and the reduction of health care costs.

**Клучни зборови**: Internet of Medical Things, machine learning, artificial intelligence, medical Big Data, exploratory data analysis

6. **Intellectual Capital and its Importance for an Entrepreneurial IT Company in the Period to Come**

**Апстракт**: The main forces today that initiate changes are globalization, the consequences of the health crisis caused by the Covid-19 pandemic, energy crisis, economic crisis, new technologies, increased competition, changes in consumer demands, etc. All these factors
force entrepreneurial IT companies to adapt better, to respond faster to business challenges and proactively to shape the activities in which they operate.
Additionally, in the last few decades, there are large differences between the market and accounting values of the companies in general. Many authors believe that this difference is due to the value of the intangible assets of the companies i.e. their intellectual capital. Therefore, it is needed more detailed analysis of the impact of IT company's intellectual capital on its business performance because IT companies that use intellectual capital in their operations and at the same time practice an entrepreneurial way of managing processes (innovation, creativity, taking risks) are in a better position to maintain their current competitiveness as well as to develop a new one.
Hence, this paper aims to analyze the importance of intellectual capital for entrepreneurial IT companies in the period to come especially when the future seems more uncertain and unpredictable than ever before.

**Клучни зборови**: intellectual capital, entrepreneurship, IT company, knowledge, competitiveness.

7. **Data protection and recovery performance analysis of cloud-based recovery service**

**Апстракт:** An analytical modeling approach is made to the MARS cloud service. The analysis is based on a real system placed in a production environment with real influences from the rest of the

IT infrastructure. Based on the results obtained from the operation of the system, a model is created that enables for service system analysis through the assessment of the values of a number of parameters for certain data protection scenarios.

**Клучни зборови:** Cloud, Data protection, Data recovery, System Dynamics, MARS, Azure, Recovery service
Каталогизирано во IEEE Xplore

8. **On the requirements for successful business continuity in the context of disaster recovery**

**Апстракт**: This paper provides an overview of the key requirements for creating a solution that will ensure successful business continuity. At the same time, a special review is made of the parameters that have not been processed in a series of researches so far, and have an important role in the success of such solutions. During review of the indicated reference papers, the key requirements for the implementation of a successful BC plan were extracted. The analysis of DR systems and the assessment of their reliability and security, especially those placed in the cloud, will be the subject of future research to extract an optimal solution to modern challenges.

**Клучни зборови**: Business Continuity, Disaster Recovery, RTO, RPO, Fault Tolerance, Cloud Computing
Каталогизирано во IEEE Xplore

Според горенаведената листа, може да се заклучи дека во последните 5 години д-р Сашо Николовски е наведен како автор во 8 трудови, од коишто 6 (трудовите со редни броеви 1, 2, 3, 4, 7 и 8) се вклучени во електронски бази на списанија на трудови (со или без импакт фактор), додека остантите 2 се трудови од меѓународни академски собири.

Меѓународните академски собири, како и редните броеви на трудовите (според горенаведената листа) со коишто д-р Сашо Николовски учествувал на нив, се:

| **Име на конференцијата** | **Датум и место на одржување** | **Редни броеви на трудовите во листата на трудови** |
|---|---|---|
| *10th International conference on control, decision and information technologies* | Јули 2024, Валета | 1 |
| *59th International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies* | Јули 2024, Созопол | 2 |
| *3rd Serbian International Conference on Applied Artificial Intelligence* | Мај 2024, Крагуевац | 3 |
| *21th International Conference on Informatics and Information Technologies* | Април 2024, Струмица | 4 |
| 13th International conference on applied internet and information technologies | Октомври 2023, Битола | 5 |
| 13th International conference on applied internet and information technologies | Октомври 2023, Битола | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| *58th International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies* | Јуни 2023, Ниш | 7 |
| *57th International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies* | Јуни, 2022, Охрид | 8 |

Сите овие меѓународни академски собири или имаат зборници коишто се евидентирани во бази на списанија (таквите собири се означени со *курзивни* букви), или членовните на нивните програмски или научни комитети се од најмалку три земји.

*Стручни усовршувања*

Специјалистички обуки и сертификации

2024 - Operate - Dell PowerEdge
2023 - Specialist - implementation engineer, PowerProtect DD
2021 - Specialist – Dell Powerstore platform engineer
2020 - Specialist - technology architect, data protection certificate
2020 - Specialist - implementation engineer, Dell EMC Unity solutions
2019 - Specialist – implementation engineer for Dell storage SC series

Професионални обуки и сертификации во области

2022 - Dell Technologies data protection and management associate
2022 - Microsoft Azure administrator associate
2020 - Microsoft's ethics and integrity training
2020 - Microsoft contract requirements and compliance
2018 - Associate - Information storage and management
2014 - Advanced operating system deployment in Windows server environment
2013 - VMware Vsphere 5.5 infrastructure
2008 - Cisco certified network associate (CCNA)
2000 - Microsoft official curriculum - Microsoft Windows 2000 Advanced Server

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија согледува дека кандидатот д-р Сашо Николовски постигнал солидни значајни во научната и општествената дејност.

Покрај тоа што е носител на титулата доктор на науки, кандидатот има објавено и 9 труда, од кои 8 во последните 5 години, што го прави соодветен кандидат за избор во звањето Насловен доцент на Факултетот за информатика во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

Врз основа на севкупната активност на кандидатот, Комисијата смета дека д-р Сашо Николовски поседува содветни научни и стручни квалитети. Според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во нставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Прввиот приватен универзитет – ФОН, ги исполнува условите да биде избран во звањето насловен доцент по група предмети од областа на инженерство и технологија, полето на електротехника, електроника и нформациско инженерство и областа компјутерски технологии и инженерство. Следејќи ги

областите на неговите завршни дисертациски трудови (дипломска, магистерска и докторска дисертација), ова е единствената област во којашто кандидатот може да биде избран на Конкурсот на којшто се пријавил.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН да го избере во звањето насловен доцент по група предмети од областа на инженерство и технологија, полето на електротехника, електроника и нифомрациско инженерство и областа компјутерски технологии и инженерство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Пеце Митревски**
Факултет за информациски и комуникациски технологии
Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола

___________________________

**Проф. д-р Ана Мадевска Богданова**
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

___________________________

**Проф. д-р Адријан Божиновски**
Факултет за информатика
Американски Универзитет на Европа – ФОН

___________________________